Врз основа на член 4 од Одлуката на Деканот на Факултетот за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, бр. 03-1342/1 од 29.10.2019 година, Изборната комисија за спроведување на изборите на ден 11.11.2019 година ги донесе следните

# ПРАВИЛА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на регулирање
### Член 1

(1) Со овие Правила за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинија Први“ во Скопје (во понатамошниот текст Правилата) се уредува постапката за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и други прашања кои се однесуваат на спроведувањето на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание.

### Избирачко право, општи начела и услови за спроведување на изборите
### Член 2

(1) На изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание, право да избираат имаат сите студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во кој/а се избира претседателот и членовите на Факултетското студентско собрание.
(2) Претседателот и членовите на Факултетското студентско собрание, се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година, со право на уште еден избор.
(3) Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ќе ги обезбеди сите услови (просторни, технички, финансиски и др.) за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание, како и потребната помош на изборните органи во извршувањето на нивните задачи.

**Избор на членови во Факултетското студентско собрание**
**Член 3**

(1) На изборите за членови за Факултетското студентско собрание, согласно член 49 став 1 од Статутот на факултетот, се избираат вкупно 60 претставници (членови) на студентите со мандат од една година, со право на уште еден реизбор.
(2) За член на Факултетското студенско собрание може да биде избран секој студент на Факултетот кој има запишано студиска година односно семестар во кој се одржуваат изборите.
(3) На изборите за претставници (членови) на Факултетското студентско собрание, согласно Одлуката за распишување на избори, се избираат:
- 12 претставници од прва година на правни студии - прв цилус студии;
- 8 претставници од втора година на правни студии - прв циклус студии;
- 8 претставници од трета година на правни студии - прв циклус студии;
- 1 претставник од прва година на политички студии (македонски јазик) - прв циклус студии;
- 1 претставник од втора година на политички студии (македонски јазик) - прв циклус студии;
- 1 претставник од трета година на политички студии (македонски јазик) - прв циклус студии;
- 1 претставник од прва година на политички студии (англиски јазик) - прв циклус студии;
- 1 претставник од втора година на политички студии (англиски јазик) - прв циклус студии;
- 1 претставник од трета година на политички студии (англиски јазик) - прв циклус студии;
- 1 претставник од прва година на студии по новинарство - прв циклус студии;
- 1 претставник од втора година на студии по новинарство - прв циклус студии;
- 1 претставник од трета година на студии по новинарство - прв циклус студии;
- 1 претставник од прва година на односи со јавност - прв циклус студии;
- 1 претставник од втора година на односи со јавност - прв циклус студии;
- 1 претставник од трета година на односи со јавност - прв циклус студии;
- 18 претставници од сите студиски програми на втор циклус на студии;
- 2 претставници од сите студиски програми на трет циклус на студии (докторски студии).
(4) Претставниците (членовите) во Факултетското студентско собрание се избираат на избори спроведени во согласност со Статутот на Правниот Факултет „Јустинијан Први” во Скопје, Одлуката за распишување на избори и со овие Правила.

### Избор на претседател на Факултетско студентско собрание
### Член 4

(1) На изборите за претседател на Факултетското студентско собрание се избира еден претседател.
(2) За претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран секој студент на Факултетот кој има запишано студиска година односно семестар во кој се одржуваат изборите и кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар.
(3) Претседателот во Факултетското студентско собрание се избира на избори спроведени во согласност со Статутот на Правниот Факултет „Јустинијан Први” во Скопје и со овие Правила.

## II. РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ

### Одлука за рапишување на избори
### Член 5

(1) Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание, со одлука ги распишува деканот на факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување.
(2) Доколку деканот на факултетот не ги распише изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание, во рок од 30 дена пред нивното одржување, изборите ги распишува ректорот на Универзитетот во рок од 3 дена од истекот на рокот од 30 дена пред одржување на изборите.
(3) Во одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание, деканот именува изборна комисија која ќе ги спроведе изборите.
(4) Одлуката за распишување на изборите се објавува на интернет страницата на Факултетот.

### Место и време за спроведување на изборите
### Член 6

(1) Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание се одржуваат секоја година во термин утврден во Статутот на универзитетското студентско собрание.
(2) Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

(3) Изборите се одржуваат во Аулата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје од 8:30 до 16:30 часот, во согласност со актот за распишување на избори.

(4) Гласањето на изборите се врши на три гласачки места, и тоа:

- Гласачко место број 1: прва година (додипломски студии), правни студии, политички студии, студии по новинарство и односи со јавност
- Гласачко место број 2: втора година (додипломски студии), правни студии, политички студии, студии по новинарство и односи со јавност
- Гласачко место број 3: трета година (додипломски студии), правни студии, политички студии, студии по новинарство и односи со јавност, втор циклус на студии и трет циклус на студии.

(4) На денот на изборите важи изборен молк и на самиот ден не е дозволено агитирање или промовирање на кандидатите во просториите на Факултетот и околу гласачките места.

(5) Факултетот обезбедува услови за успешно спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание.

## III. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

### Изборни органи
### Член 7

(1) Органи надлежни за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание се Изборната комисија и избирачките одбори.

### Изборна комисија
### Член 8

(1) Изборната комисија која ќе ги спроведе изборите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание ја именува деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со одлука за распишување на избори.

(2) Во изборната комисија членуваат двајца наставници, односно соработници и тројца студенти.

(3) Членовите на изборната комисија не можат да бидат во исто време и членови на избирачки одбор, кандидати на избори за претседател и членови на Факултетско студентско собрание, и претседател или членови на Факултетско студентско собрание со важечки мандат.

(4) Изборната комисија работи и одлучува доколку се присутни најмалку три члена, од кои најмалку двајца студенти.

(5) Изборната комисија одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, при што за одлуката мора да гласаат најмалку еден наставник односно соработник и најмалку двајца студенти.

**Надлежност на изборната комисија**
**Член 9**

(1) Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание се грижи подготовката и спроведувањето на изборите да бидат во согласност со Правилата и врши надзор над работата на избирачките одбори.
(2) Изборната комисија:
- утврдува Правила со кои се регулира изборната постапка и нејзиното работење и одлучување во спроведувањето на изборната постапка;
- определува термини за спроведување на собири на студенти по студиски години/студиски програми;
- донесува одлука со која констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание;
- расправа и одлучува по приговори за неправилности на постапката за кандидирање, гласање и сумирање на гласовите;
- именува членови и заменици на избирачки одбори најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на изборите;
- го утврдува Избирачкиот список;
- ги утврдува гласачките ливчиња за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание;
- го утврдува начинот на гласање и пребројување на гласовите;
- ја надгледува работата на избирачките одбори и им дава упатства за спроведување на изборите согласно Правилата;
- ги утврдува изборни резултати и составува записник за резултатите од гласањето на изборите;
- ги утврдува обрасците за записници и други акти кои се изготвуваат за спроведување на изборите;
- дава појаснувања и упатства за примената на Правилата;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

**Избирачки одбор**
**Член 10**

(1) Избирачкиот одбор е составен од двајца студенти и еден наставник односно соработник и нивни заменици кои ги именува Изборната комисија од член 8 на овие Правила.
(2) Членовите на избирачкиот одбор не можат да бидат во исто време и членови на изборна комисија, кандидати на избори за претседател и членови на Факултетско студентско собрание, и претседател или членови на Факултетско студентско собрание со важечки мандат.
(3) Избирачкиот одбор непосредно ја спроведува постапката на гласањето согласно Правилата.
(4) Избирачките одбори се определуваат најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на изборите.

**Надлежност на избирачки одбор**
**Член 11**

(1) Избирачкиот одбор се грижи за спроведување на гласањето во согласнот со Правилата.
(2) Избирачкиот одбор:
- обезбедува правилност и тајност на гласањето;
- обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето;
- го прима изборниот материјал за избирачкото место;
- ги сумира и утврдува резултатите од гласањето на избирачкото место во присуство на членовите на Изборната комисија;
- составува записник за гласањето на избирачкото место и за резултатите од гласањето на избирачкото место;
- го собира и предава изборниот материјал на избирачкото место на Изборната комисија;
- врши други работи поврзани со спроведување на гласањето.

## IV. КАНДИДАТУРА

**Кандидатура за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание**
**Член 12**

(1) Кандидатите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, циклуси и студиски

програми со тоа што од секоја студиска година и студиска програма се предлагаат кандидати за претставници (членови) во Факултетското студентско собрание.

(2) Собирите на студенти по студиски години и студиски програми се спроведуваат во термини кои ќе ги определи Изборната комисија.

(3) Кандидатот за претседател односно претставник својата кандидатура ја поднесува со изјава за кандидирање која содржи:
- име и презиме на кандидатот,
- број на индекс;
- потпис на кандидатот.

(4) Изјавата за кандидатура се доставува до Изборната комисија преку Архивата на Факултетот, во три примерока.

(5) Сите допонителни кандидатури кои ќе бидат поднесени, по завршување на собирите на студенти односно по рокот за поднесување кандидатури нема да се разгледуваат.

(6) Изборната комисија од член 8 на овие Правила, во согласност со одлуката за распишување избори, донесува одлука со која констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат, условите и истата ја објавува на интернет страницата на факултетот.

(7) Против одлуката од став 6 на овој член право на приговор имаат студентите кои поднеле изјава за кандидатура.

**Приговор за неправилности во постапката за кандидирање**
**Член 13**

(1) Право на приговор за неправилности во постапката за кандидрање на претседател и членови на Факултетско студентско собрание имаат студентите кои имаат поднесено изјава за кандидатура.

(2) Приговорот се поднесува во пишана форма, преку Архивата на Факултетот, до Изборната комисија, во рок од 24 часа од објавувањето на Одлуката на Изборната комисија за констатирање на кандидатите за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание.

(3) Приговорот треба да содржи име и презиме на подносителот, доказ и образложение на причините поради кои се поднесува.

(4) Изборната комисија расправа и одлучува по поднесениот приговор во рок од 24 часа, односно на првиот нареден работен ден од неговото поднесување.

(5) Изборната комисија ќе го отфрли приговорот доколку истиот е ненавремен, непотполн или очигледно неоснован.

(6) Изборната комисија ќе го одбие приговорот доколку истиот не е основан.

(7) Ако приговорот е основан, комисијата донесува одлука со која се отстранува неправилноста.

## V. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

### Предизборни промотивни активности (кампања)
### Член 14

(1) Сите кандидатите чии канидатури се потврдени со одлука на Изборната комисија можат да организираат свое претставување и да истакнуваат промотивни материјали на местата определени за таа намена од Изборната комисија.
(2) Изборната комисија се грижи во рамките на своите надлежности за рамномерна застапеност и еднаков пристап до можности за промоција.
(3) Промотивните активности од овој член започнуваат од моментот на констатирање на кандидатурите и завршуваат до денот на изборите.

### Избирачки список и изводи од Избирачки список
### Член 15

(1) Избирачкиот список го утврдува Изборната комисија од член 8 на овие Правила најдоцна 10 дена пред одржувањето на изборите и истиот го објавува на интернет страницата на Факултетот почитувајќи ги правилата за заштита на лични податоци.
(2) Избирачкиот список се води според изворната евиденција на студенти што ја води Факултетот.
(3) Избирачкиот список содржи име и презиме на студентите, број на индекс на студентот, статус на студентот според студиска програма, циклус и студиска година.
(4) Изборната комисија од Избирачкиот список изготвува изводи за секоја студиска програма, студиски циклус и студиска година.
(5) Изводот од Избирачкиот список содржи име и презиме на студентот, број на индекс и поле за потпис на студентот.
(6) Секој студент може да изврши увид во избирачкиот список и да побара исправка или дополнување на избирачкиот список, со поднесување на барање преку Архивата, најдоцна пет дена пред одржување на изборите.
(7) По поднесеното барање, Изборната комисија одлучува без одлагање. Одлуката на изборната комисија е конечна.

### Предавање на изборниот материјал
### Член 16

(1) Изборната комисија на денот на гласањето, а најдоцна пред отварање на избирачкото место го предава изборниот материјал на избирачкиот одбор, и тоа: изводи од Избирачки список, гласачки ливчиња, гласачки кутии и записници.

(2) Со предавањето на избирачкиот материјал се пополнува записник за предавање на избирачкиот материјал кој го потпишуваат членовите на избирачкиот одбор и членовите на Изборната комисија.

**Гласачки ливчиња**
**Член 17**

(1) Гласачкото ливче за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание го утврдува Изборната комисија од член 8 на овие Правила.
(2) Гласачките ливчиња се изработуваат на начин да бидат во иста големина и форма и се заверуваат со печат на Факултетот.
(3) Гласачките ливчиња за различните студиски програми на прв циклус, за втор и трет циклус се во различна боја.
(4) За секое избирачко место се изработуваат онолкав број на гласачки ливчиња колку што има студенти на тоа избирачко место, согласно избирачкиот список.
(5) Гласачкото ливче содржи:
- назив на факултетот, и гласачко место-реден број
- дата на гласање
-листа на кандидати за претседател односно членови на Факултетско студенстко собрание по азбучен ред, со реден број пред името и презимето на секој кандидат/кандидатка
- напомена дека се заокружуваат онолкав број редни броеви, колку што се избираат кандидати/кандидатки за избор на претседател односно членови на Факултетско студенстко собрание според студиски години, програми и циклуси.

**Спроведување на изборите**
**Член 18**

(1) Гласањето за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание се одвива на местото и во времето предвидено со Одлуката за распишување на избори и Правилата.
(2) Во текот на гласањето на избирачкото место во секое време мора да бидат присутни најмалку двајца членови или заменици членови на избирачкиот обор.
(3) Избирачкиот одбор го утврдува идентитот на студентот преку неговиот индекс.
(4) Избирачкиот одбор го заокружува студентот кој пристапил кон гласањето во избирачкиот список.
(5) Избирачкиот одбор му врачува едно гласачко ливче за избор на претседател на Факултетско студентско собрание и едно гласачко ливче за избор на членови на Факултетско студентско собрание, со напомена колку најмногу кандидати може да заокружи на гласачкото ливче.
(6) За секое избирачко место се обезбедуваат посебни изборни кутии.

(7) Студентот кој гласал, го уфрлува гласачкото ливче во соодветната гласачка кутија.

## Сумирање и утврдување на резултатите од гласањето
## Член 19

(1) По истекот на времето за гласање, избирачките одбори ги отвораат избирачките кутии во присуство на Изборната комисија го констатираат вкупниот број на избирачи кои гласале, вкупниот број на важечки ливчиња, вкупниот број неважечки ливчиња и вкупниот број на ливчиња кои не се искористени.
(2) Избирачкиот одбор констатира колку гласови освоил секој од кандидатите.
(3) Избирачкиот одбор ги констатира неправилностите во спроведувањето на гласањето и евентуалните забелешки на членовите или замениците членови на избирачкиот одбор ги внесува во записник.
(4) За конститираните податоци од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се води записник кој го потпишуваат тројца од членовите или замениците членови на избирачкиот одбор.
(5) Гласачко ливче се смета за важечко доколку од гласачкото ливче на сигурен и недвосмислен начин, пред се со заокружување, може да се утврди волјата на студентот кој гласал, односно може да се утврди за кој кандидат студентот гласал.
(6) Неважечко гласачко ливче се смета гласачкото ливче на кое се заокружени повеќе кандидати од бројот на членови кои се избираат, ако гласачкото ливче е непополнето или пополнето на начин преку кој со сигурност не може да се утврди волјата на студентот кој гласал, односно не може да се утврди за кој кандидат студентот гласал.
(7) На изборите за претседател односно преставник на Факултетското студентско собрание за избран се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови.
(8) Ако за едно или повеќе места за член односно членови или претседател, два или повеќе кандидати имаат ист број на гласови Изборната комисија го одредува претставникот односно претседателот по пат ждрепка во присуство на кандидатите.
(9) Записникот заедно со целиот изборен материјал (гласачки кутии, искористени и неискористени гласачки ливчиња, избирачки список со заокружените имиња на студентите кои гласале) се предава на Изборната комисија.

## Резултати од одржаните избори
## Член 20

(1) Изборната комисја ги утврдува првичните резултати од одржаните избори и ги објавува на интернет страницата на Факултетот најдоцна 24 часа по завршување на гласањето.
(2) Против првичните резултатите од ставот 1 на овој член, секој кандидат може да поднесе образложен приговор во рок од 24 часа односно првиот нареден работен ден сметајќи од денот на нивното објавување.

(3) Приговорот се поднесува во пишана форма, преку Архивата на Факултетот, до Изборната комисија. Изборната комисија одлучува по поднесените приговори во рок од 24 часа, односно на првиот нареден работен ден, од денот на нивното поднесување.
(4) Приговорот треба да содржи име и презиме на подносителот, доказ и образложение на причините поради кои се поднесува.
(5) Изборната комисија со решение ќе ги отфрли ненавремените приговори, приговорите поднесени од неовластено лице како и очигледно неоснованите приговори.
(6) Ако приговорот е неоснован изборната комсија ќе донесе одлука со која приговорот се одбива.
(7) Ако приговорот е основан, изборната комисија ќе ги отстрани неправилностите.
(8) Во случај да нема поднесени приговори, ако приговорите се отфрлени или одбиени, резултатите стануваат конечни и како такви се објавуваат на интернет страницата на Факултетот, по што изборниот процес се смета за завршен.

**Поништување и прегласување**
**Член 21**

(1) Доколку Изборната комисија утврди неправилности во спроведувањето на изборите кои влијаат или можат да влијаат на резултатите, тогаш ќе ги поништи изборите и за тоа ќе го извести Деканот кој може да одлучи повторно да ги распише.
(2) Гласањето на гласачко место може да се поништи доколку се случи:
- сериозно нарушување на тајноста на гласањето;
- сериозно нарушување на редот на гласачкото место;
- кршење на гласачка кутија;
- или доколку на друг начин сериозно се наруши гласањето и изборниот процес.

(3) Доколку Изборната комисија одлучи да го поништи гласањето на гласачкото место тогаш прегласувањето се одржува во рок од 7 дена од денот на одржувањето на изборите.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Примена на Правилата**
**Член 22**

(1) Овие Правила се применуваат од денот на нивното донесување и објавување на интернет страницата на факултетот и важат до завршување на изборниот процес поврзан со изборите на 28.11.2019 година.

**Изборна комисија**

**Проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска, с.р.**

**Асс. д-р Денис Прешова, с.р.**

**Тамара Глушкина, студент, с.р.**

**Панче Патоски, студент, с.р.**

**Филип Ѓоршовски, студент, с.р.**